**ПРОЕФЕКТ ИНОВО ДООЕЛ Скопје**
Видое Смилевски Бато 35-1-20, 1000 Скопје,
Моб. 0038970355095
e-mail: info@proefekt.mk, www.proefekt.mk

# Коментари и предлози за подобрување на Предлог Законот за социјално претприемништво

Проефект Иново има повеќе годишно искуство во делот на работењето на социјалните претпријатија во Европа и во Македонија. На следните неколку страни можат да се најдат коментари и предлози за подобрување на **Предлог Законот за социјално претприемништво,** поставен на ЕНЕР на 28.07.2015 година

1. ***Има потреба од проширување на дефиницијата и фокусот на социјалните претпријатија (СПа) во РМ, од првенствената цел да се зголеми вработувањето, кон рамка кој ќе нуди можност за решавање важни општествеии предизвици во дадени области***

Евидентно е дека предлог ЗСП во РМ е направен со цел да се поттикне вработувањето на пред се маргинализирани групи во РМ или да се промовира т.н концепт Work Integration Social Enterprise (WISE) или Социјални претпријатија за работна интеграција (СПРИ). Но, европскиот концепт и дефиниција на социјалното претприемништво (СП) вклучува организациони форми кои имаат повисоки општествени цели (без да се инсистира само целта на работно ангажирање на лица од наведените маргинализирани групи). Во извештајот на Европската комисија од октомври 2014, причината зошто се инсистира да не се има фокус само на СПИР е поради следниве причини „Вака рестриктивна дефиниција ги исклучува СПа кои остваруваат повисоки цели во областа на обезбедување на социјални и образовни услуги, животната средина, благосостојба за сите и солидарност со земјите во развој“[1]

Потребно е да се поттикне функционирање на СПа во области од посебен интерес на граѓаните и општеството, како што се органското земјоделие, заштитата на животната средина, развојот на ИКТ, развојот на образованието, науката, истражувањето, итн.
Многу млади, ученици, студенти, истражувачи, научници, сегашни и идни социјални претприемачи нема да можат да бидат корисници на позитивното влијание на овој Закон.

Затоа Проефект Иново предлага да се земат превид и посебни области каде што со формирање на социјални претпријатија ќе се поттикне развојот на тие области.

**Предлог 1:**
Во член 6 (стр. 7.) во листата на корисници да се додадат како корисници и следниве категории на лица:

- Ученици во средно образование, студенти и истражувачи кои се дел од образовни, истражувачки  и научни проекти, и активности
- Лица кои живеат во економски неразвиени и рурални подрачја

**Предлог 2:**
`Во нов член во поднасловот КОРИСНИЦИ (стр 7 и 8)  да се дефинираат области во кој било кој ќе може да биде корисник . На пример

***(нов) Член 7***

Било кој граѓанин на РМ ќе биде корисник во смисла на овој закон, доколку формира или е вработен во социјално претпријатие дефинирано согласно одредбите на овој закон кое делува во една од следниве области:

1) Обезбедување и организирање на работа на млади лица

2) Помош на стари лица, бездомници и деца со посебни потреби

3) Развој на социјалното домување

4) Развој на културата и зачувување на културното наследство

5) Заштита на природата, природното наследство и на животната средина (на пр. намалување на загадувањето,  промовирање на употребата на обновливите извори на енергија, зелена економија, производство на здрава храна, органско производство, итн.)

6) Развој на формално и неформално образование, наука и уметност и истражување (на пр. отворање иновациски и тренинг центри и бизнис инкубатори, Поврзување на теоретска и практична обука (факултети, училишта  и детски градинки и сл.))

7) Заштита, промоција и унапредување на здравјето, здравствени услуги

8) Развој на неразвиени и рурални средини  (на пр. Развој на одржлив туризам, Развој и поставување на комунална инфраструктура,  )

9) Развој на занаетчиство и на традиционалното производство

10) Промоција, поттикнување и развој на социјалните иновации и социјалното претприемништво

[1] „A map Social enterprises and their eco-systems in Europe", European Commission, October 2014

2. ***Да се зголеми бројот на членови на Советот за социјално претприемништво од редовите на претставници на социјални претпријатија.***

Тргнувајќи од основните принципи и цели на социјалното претприемништво фрфинирани во член 4, а особено од принципите на рамноправност во одлучувањето, автономност, транспарентност, еднаквост и забрана за дискриминација, предлагаме да се зголеми бројот на претставници од *редовите на претставниците на социјални претпријатија, и тоа наместо вкупно 7 членови, да има 9 членови*

**Предлог 1**

**Член 8**

(2) Советот го сочинуваат ~~7~~ **9** члена кои ги назначува Владата и тоа: по еден претставник од Кабинетот на потпретседателот на Владата за економски прашања, министерот за финансии, министерот за труд и социјална политика, министерот за економија, претставник од социјалните партнери, **двајца претставници од** комората на социјални претпријатија, претставник на граѓанскиот сектор, **и организациите кои ги помагаат социјалните претпријатија.**

3. ***Опфаќање на кооперативите/задругите и другите форми на социјален бизнис во листата на организациски форми кои можат да работата со статус на СП***

Во поднасловот „Услови за стекнување статус на социјално претпријатие"( на стр. 10) изоставени се задругите во листата организациски форми кои можат да работата со статус на СП. (Претходно во Член 9 се наведува задруга )

**Предлог 1:**

**Член 12**

Регистрирано претпријатие, трговско друштво, **задруга,** здружение на граѓани и фондација, верска институција и организација или друг правен облик може да работи како социјално претпријатие ако се стекне со статус на социјално претпријатие

**Предлог 2:**

Да се размисли да се стават и микрофинансиските институции (како што се Можности, ФУЛМ, Хоризонти) и непрофитни компании ( како Пакомак, Екопкахит-Кочани, ), во листата на во членот 12, бидејќи и тие се согласно мисијата која ја вршат форма на социјално претпријатие.

4. ***Овозможување појасен линк помеѓу работењето на СПа и заедницата***

СПа може да играат важна улога за развојот на одржливоста на непрофитните ентитети во РМ

Во поднасловот "Распределба на добивката и вишоци на приходите" (стр. 13) во последниот став на параграф (1) Социјалното претпријатие добивката и вишоците од приходите ги наменува за:" предлагаме да се стави :

**Предлог:**

- „За активности во полето на работа на правното лице и во други области од интерес на заедницата, **преку донации, спонзорства, директна набавка на материјали и услуги, како и обезбедување на персонал**"

## 5. ***Потреба од подобар преглед на мерките за развој на СП во РМ***

Во член 24 (на стр. 14), во параграф 5 се наведува резиме на само дел од мерките за поддршка за развојот на СП кај нас. Предлагаме покрај наведените мерки да се наведат и оние кои се делумно наведени во претходните параграфи (1)-(4), како и во следните членови 25-27.

**Предлог:**

(5) Мерките мора да бидат дизајнирани да обезбедат координирана помош во основањето **и функционирањето на социјалните претпријатија, преку инкубатори кои помагаат во фазата пред формирање на СПа и обезбедување на простор за работа, активности за развој на вештини на персоналот и социјалните претприемачи** ~~помош за да започнат и да го одржуваат свој социјалниот бизнис~~, **поддршка за обезбедување на инвестиции и финансиски средства** ~~ликвидност во развојот~~ на социјалните претпријатија, како и **обезбедување на поволни законско и институционално опкружување за функционирање на СП, поддршка во промоцијата на нивната работа и пласманот на продуктите и услугите на пазарот и поврзување на работењето на социјалните претпријатија со други сектори, како и ползување на другите владини политики** ~~активна политика за вработување согласно~~ и ~~други~~ развојни документи усвоени од страна на владата.

## 6. ***Подобро дефинирање на формаулациите на трите параграфи за поттикнувањето на социјалното претприемништво (во член 25)***

**Првиот параграф** на член 25 (стр.15), наместо да го дефинира поттикнувањето на СП прави листа на областите што треба да се опфатат во делот на социјалното претприемништво (што е уште еден доказ за потребата за дефинирање на приоритетни области на делување на социјалното претприемништво, дадени погоре во предлогот бр. 2 на првиот коментар). Наместо понудената формулација, ја предлагаме следнава дефиниција за параграфот бр. 1 на членот 25

**Предлог 1:**

**(1) Поттикнување на социјалното претприемништво вклучува мерки и активности на објаснување на концептот и потребата од социјалното претприемништво во јавноста, дефинирање на различни форми на финансиска, институционална, фискална, инфраструктурна, тренинг и друга поддршка на социјалните претпријатија, организирање на систем на наградување на најдобрите практики на социјални претпријатија, олеснување на соработкта, вмрежувањето со други сектори и заеднички настап на пазари, како и воспоставување на следење и оценка на потребите на социјалните претпријатија.**

Во **вториот параграф** на членот предлагаме да се додаде и "Комората на социјални претпријатија, по нејзиното формирање" во листата на институции одговорни за организирање и спроведување на Поттикнувањето на социјалното претприемништво го

Во **параграфот бр. 3** на членот 25 се предлага следнава формулација

**Предлог 2:**

(3) Заради поттикнување на ~~вработувањето ,~~ **целите на социјалното претприемништво,** надлежните органи и институции се должни да разменуваат информации и да соработуваат за промоција на социјалното претприемништво.

7. **Намалување на износот на глобите во делот на Прекршочните одредби (глава IX, стр 17)**

Сметаме дека дадените прекршочни одредби се многу високи, и наместо да го поттикнат, ќе ја намалат мотивацијата за отворање на социјални претпријатија. Наместо казни, потребно е да се работи на едукација и развој на свесноста на менаџментот и персоналот на СПа, во почетниот период. Предлогот е да се намалат глобите за 10 пати од предложените суми, т.е. од 500 до 1000 евра.

**Забелешка:** Проефект Иново, обезбедува консултантски услуги и решенија за одржливост на развојните актери, особено за непрофитните организации и социјалните претпријатија во нивната работа и при обезбедувањето на нивните услуги и продукти. Персоналот на Проефект стои на располагање во понатамошниот процес на финализирање на Законот за социјално претприемништво, да даде поддршка и стручна помош во неговото донесување, промовирање и спроведување.